**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ШЕЕСЕТТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 30.05.2025 година**

**СКОПЈЕ, МАЈ 2025 ГОДИНА**
**З А П И С Н И К**

**Од Шеесеттата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 30.05.2025 година**

Седницата започна во 12:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **м-р Сашо Кукески**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Педесет и деветтата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Педесет и деветтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **м-р Сашо Кукески**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата и дополнително на 29.05.2025 година, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно - правната комисија, бр.09-6059/2 од 30.05.2025 година се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**6.** Предлог - Одлука за примање на донација од Здружение за унапредување на одржлив развој "Институт Балкан Про Европа Скопје".

Согласно известувањето од стручната служба од 29.05.2025 година, за доставен материјал од надлежна комисија, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**7.** Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за процена на штети на земјоделски култури на подрачјето на Општина Гази Баба, од природна непогода (невреме) на 18.07.2024 година.

Согласно известувањето од стручната служба преку надлежниот сектор за

поддршка на градоначалник и јавни дејности, за доставен материјал од општинско основно училиште, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**8.** Предлог - Одлука за преименување на Општинско основно училиште "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, во Општинско основно училиште "22 Ноември", Општина Гази Баба - Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "6"** беше усвоен со **23 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "7"** беше усвоен со **22 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "8"** беше усвоен со **20 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "6", "7" и "8" се составен дел на предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2025 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување на Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година;
3. Предлог - Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гази Баба;
5. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година;
6. Предлог - Одлука за примање на донација од Здружение за унапредување на одржлив развој "Институт Балкан Про Европа Скопје";
7. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за процена на штети на земјоделски култури на подрачјето на Општина Гази Баба, од природна непогода (невреме) на 18.07.2024 година; и
8. Предлог - Одлука за преименување на Општинско основно училиште "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, во Општинско основно училиште "22 Ноември", Општина Гази Баба - Скопје.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

Претседателот на советот ги извести членовите на советот дека по однос на точката 7 во текот на седницата ќе заседава **комисијата за земјоделие**, а по однос на точката 8 ќе заседава **комисијата за општествени дејности**.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на одлуката за**

**усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Атанасовски и членот на советот - Влатко Петрески (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2025 година, со **18 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување на Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Атанасовски.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување на Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година, со **18 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Александра Димитриевска Аврамовска.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор,

го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Александра Мирчевски.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, со **20 гласа "ЗА" и 4 гласа "ПРОТИВ"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање на донација од Здружение за унапредување на одржлив развој "Институт Балкан Про Европа Скопје".**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање на донација од Здружение за унапредување на одржлив развој "Институт Балкан Про Европа Скопје", со **25 гласа "ЗА"**.

Претседателот на совет даде пауза од **30 минути** за да се свикаат, одржат и поднесат извештаи до советот, комисијата за земјоделие (по однос на точка 7) и комисија за општествени дејности (по однос на точка 8).

**По паузата.**

Пред преминување на расправа и одлучување по преостанатите точки (7 и 8) од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за процена на штети на земјоделски култури на подрачјето на Општина Гази Баба, од природна непогода (невреме) на 18.07.2024 година.**

Претседателот на советот го покани стручното лице - вештак и проценител од областа на земјоделството д-р Сашо Кутлешовски во својство на изготвувач да го образложи извештајот за процена на штети на земјоделски култури на подрачјето на Општина Гази Баба, од природна непогода (невреме) на 18.07.2024 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор,

го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештај за процена на штети на земјоделски култури на подрачјето на Општина Гази Баба, од природна непогода (невреме) на 18.07.2024 година, со **19 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за преименување на Општинско основно училиште "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, во Општинско основно училиште "22 Ноември", Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество членот на советот - м-р Сафет Адеми (ДУИ).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за преименување на Општинско основно училиште "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, во Општинско основно училиште "22 Ноември", Општина Гази Баба - Скопје, со **18 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - м-р Сашо Кукески ја заклучи Шеесеттата седница на советот на Општина Гази Баба, во **13:30** часот.

**Број 09-6974/2**
**од 26 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот